Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 14-65/2
Охрид, 6.12.2024 год.

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија " бр. 82/2018) и на членот 194 и член 195 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид (арх. бр. 01-156/1 од 08.02.2019 година, Наставно – научниот совет на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика, на седница одржана на ден 06.12.2024 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За започнување постапка и утврдување критериуми за избор на Декан

1. Се започнува постапка за избор на декан на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, за мандатен период 2025 - 2028 година.
2. Се донесуваат критериуми за кандидати за декан на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика.
3. Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со статутот на универзитетот.
4. Секој редовен и вонреден професор, а доколку такви нема и секој доцент, доколку ги исполнува условите од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија " бр. 82/2018) и Статутот на Универзитетот, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на донесување на одлуката за започнување на постапка за избор на декан има право да се кандидра за декан.
5. Кандидатот за декан Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика покрај условите од точка 2 и точка 3 на оваа одлука, треба да ги исполнува и следните критериуми:
   - да е истакнат истражувач од областа на своето научно дејствување;
   - да има нагласени комуникациски, организациски и раководни способности;

6. Кандидатот за декан до архивата на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика треба да достави пријава, биографија, програма за работа на деканот и одлука за избор во звање.
7. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Согласно одредбите од член 110 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018) и член 194 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, наставно - научниот совет, со тајно гласање, избира декан на факултетот и одлуката за избор му ја доставува на Универзитетскиот сенат за потврдување.

Декан,

Вонр. проф. д-р Горан Шибаковски

Доставено до: Архива
Веб страна на УИНТ